РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 04-1149/12

15.10.2019 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 167/2010 и 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 96/2019 и 110/2019), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и („Службен весник на Република Македонија" бр.98/2019), член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/2019), а во врска со член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 11/2015), генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, донесе

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

**Член 1**

Со овој правилник се врши измена и дополнување на работните места во Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/1 од 9.6.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/5 од 23.11.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/1 од 28.6.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/4 од 14.7.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/1 од 30.5.2017 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/3 од 4.8.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/8 од 11.12.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-1317/2 од 31.1.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-1317/4 од 12.2.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-1317/8 од 2.3.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/14 од 31.5.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/16 од 11.7.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/19 од 14.8.2018 година,

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/24 од 18.9.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/28 од 2.10.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1317/31 од 12.11.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1149/1 од 7.2.2019 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1149/4 од 1.7.2019 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија бр. 04-1149/10 од 15.7.2019 година.

**Член 2**

Во членот 11, кај редниот број 22. Државен советник за управување со човечки ресурси во делот вид на образование зборовите „Социологија, Политички науки, Правни науки", се заменуваат со зборовите „Социологија, Социјална работа и социјална политика и Јавна управа и администрација ".

**Член 3**

Во членот 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, потточка 1.3 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор, задолжен за странски и домашни инвестиции, кај редниот број 42. Виш соработник за организациона поддршка во делот вид на образование зборовите „Правни науки и Економски науки" се бришат.

**Член 4**

Во членот 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, потточка 1.6 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на министер без ресор (Декада на ромите), кај редниот број 58-А. Виш референт за канцелариско работење во делот број на извршители бројот „1", се заменува со бројот „2".

**Член 5**

Во членот 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и министрите без ресор, потточка 1.10 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија, кај редниот број кај редниот број 77. советник за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и меѓуинституционална соработка во делот број на извршители бројот „1", се заменува со бројот „2" и во делот вид на образование зборовите „Економски науки" се заменуваат со зборовите „Политички науки".

**Член 6**

Во членот 11, во точка 1. Сектор за стручно-оперативна и логистичка поддршка на генералниот секретар и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија и

министрите без ресор, потточка 1.10 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Националниот координатор за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на Република Македонија, кај редниот број кај редниот број 78. виш соработник за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и стручно-оперативна поддршка во делот вид на образование зборовите „Правни науки, Филозофија, Јавно здравство и здравствена заштита“, се заменуваат со зборовите „Компјутерска техника и информатика“.

**Член 7**

Во членот 11, во точка 4. Сектор за стратегија, планирање и следење, кај редниот број 147. помошник раководител на сектор за стратегија, планирање и следење, во делот вид на образование зборовите „Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент)“, се заменуваат со зборовите „Правни науки“.

**Член 8**

Во членот 11, во точка 4. Сектор за стратегија, планирање и следење, во потточка 4.2 Одделение за подготовка и следење на спроведувањето на годишната програма за работа на Владата кај редниот број 154. раководител на одделение за подготовка и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата во делот вид на образование зборовите „Економски науки, Правни науки, Организациони науки и управување (менаџмент)“, се заменуваат со зборовите „Наука за книжевноста, Образование, Наука за јазикот (Лингвистика)“.

**Член 9**

Во членот 11, во точка 6. Сектор за човечки ресурси, кај редниот број 177. раководител на Сектор за човечки ресурси, во делот вид на образование по зборовите „Правни науки, Политички науки “ се додаваат и зборовите „и Социологија“.

**Член 10**

Во членот 11, во точка 6. Сектор за човечки ресурси, во потточка 6.1 Одделение за управување со човечки ресурси, кај редниот број 182. помлад соработник за селекција и вработување, во делот број на извршители бројот „1“, се заменува со бројот „2“.

**Член 11**

Во членот 11, во точка 6. Сектор за човечки ресурси, во потточка 6.3 Одделение за стручно-оперативна и логистичка поддршка на Комисијата за именување, кај редниот број 197. помлад соработник за стручно-административна поддршка, во делот број на извршители бројот „2“, се заменува со бројот „3“.

**Член 12**

Во членот 11, во точка 7. Сектор за финансиски работи во потточка 7.1 Одделение за координација и подготовка на буџет, контрола на финансиската документација и следење на реализација на буџетот кај редниот број 206. советник за ex-ante и ex-post контрола на финансиската документација, во делот број на извршители бројот „1“, се заменува со бројот „2“.

**Член 13**

Во членот 11, во точка 7. Сектор за финансиски работи во потточка 7.1 Одделение за координација и подготовка на буџет, контрола на финансиската документација и следење на реализација на буџетот кај редниот број 207. виш соработник за подготовка и следење на реализацијата на буџетот во делот број на извршители бројот „1“, се заменува со бројот „2“ и во делот вид на образование зборовите „Организациони науки и управување (менаџмент)“ се бришат.

**Член 14**

Во членот 11, во точка 10. Сектор за правни работи, во потточка 10.2 Одделение за претставки и предлози и информации од јавен карактер кај редниот број 257. помлад соработник за помош при постапување по претставки и предлози во делот број на извршители бројот „2", се заменува со бројот „3".

**Член 15**

Во членот 11, во точка 10. Сектор за правни работи, во потточка 10.3 Одделение за посебни комисии, кај редниот број 263. помлад соработник за оперативно-логистичка поддршка во делот број на извршители бројот „2", се заменува со бројот „3".

**Член 16**

Во членот 11, во точка 12. Сектор за информатичка технологија, кај редниот број 278. Помошник раководител на сектор за информатичка технологија во делот број на извршители бројот „3", се заменува со бројот „4" и во делот вид на образование зборовите „Компјутерска техника и информатика" се заменуваат со зборот „Математика".

**Член 17**

Во членот 11, во точка 13. Сектор за документација и библиотека, потточка 13.2 Одделение за библиотекарско работење и публикации, кај редниот број 310. помлад соработник за комплетирање, прием и техничка обработка на библиотечен материјал, во делот вид на образование зборовите „ Библиотекарство и документација, Историски науки" се заменуваат со зборовите „Наука за јазикот (Лингвистика), Образование " и во делот други посебни услови се додава „статус на лице со посебни потреби, согласно со закон".

**Член 18**

Во членот 11, во точка 16. Сектор за општи работи, потточка 16.1 Одделение за општи и нормативни работи кај редниот број 356. помлад соработник за општи и административни работи во делот вид на образование зборовите „Правни науки, Економски науки" се бришат.

**Член 19**

Во членот 11, во точка 16. Сектор за општи работи во потточка во потточка 16.4 Одделение за одржување и ракување со техничка опрема кај редниот број 371. помлад соработник за оперативна поддршка за технички работи во делот број на извршители бројот „30", се заменува со бројот „18" и во делот вид на образование зборовите „Правни науки, Економски науки" се бришат.

**Член 20**

Во членот 11, во точка 16. Сектор за општи работи во потточка во потточка 16.4 Одделение за одржување и ракување со техничка опрема кај редниот број 378. самостоен референт за архивски работи во делот број на извршители бројот „1", се заменува со бројот „3".

**Член 21**

Во членот 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој кај редниот број 393. раководител на одделение за регионален и одржлив развој во делот вид на образование зборовите „Животна средина, Наука за земјиштето и хидрологија" се заменуваат со зборовите „Економски науки, Организациони науки и управување (менаџмент)".

**Член 22**

Во членот 11, во точка 17. Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции во потточка 17.2 Одделение за регионален и одржлив развој кај редниот број 396. соработник за

политики за земјоделие, во делот вид на образование, зборовите „Наука за земјиштето и хидрологија“ и „Животна средина“ се заменува со зборовите „Растително производство“ и „Прехранбена технологија“.

**Член 23**

Сите утврдени измени и дополнувања во овој Правилник се однесуваат и на табеларниот преглед кој е составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила со објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, а ќе се објави по добиена писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

**Број 04-1149/12**

**15.10.2019 година**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

Подготвил: Надица Апостоловска
Контролирал: Светлана Димитровска
Согласен: Мирче Јанев
Одобрил: Снежана Нешовска

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(измена и дополнување)

| Реден број | Шифра | | | | | Звање и работно место | Измена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за управување со човечки ресурси | |
| 42 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за организациона поддршка | 0 |
| 58-А | УПР | 01 | 01 | Г02 | 000 | Виш референт за канцелариско работење | 0 |
| 77 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и меѓуинституционална соработка | 1 |
| 78 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за намалување на ризици од несреќи и катастрофи и стручно-оперативна поддршка | 1 |
| 147 | УПР | 01 | 01 | Б03 | 000 | Помошник раководител на сектор за стратегија, планирање и следење | 0 |
| 154 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за подготовка и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата | 0 |
| 177 | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за човечки ресурси | 0 |
| 182 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | помлад соработник за селекција и вработување | 0 |
| 197 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | помлад соработник за стручно-административна поддршка | 1 |
| 206 | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за ex-ante и ex-post контрола на финансиската документација | 1 |
| 207 | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за подготовка и следење на реализацијата на буџетот | 1 |
| 257 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за помош при постапување по претставки и предлози | 1 |
| 263 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за оперативно-логистичка поддршка | 1 |
| 278 | УПР | 01 | 01 | Б03 | 000 | Помошник раководител на сектор за информатичка технологија | 1 |
| 310 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за комплетирање, прием и техничка обработка на библиотечен материјал | 1 |
| 356 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за општи и административни работи | 0 |
| 371 | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за оперативна поддршка за технички работи | 0 |
| 378 | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за архивски работи | 12 |
| 393 | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за регионален и одржлив развој | 2 |
| 396 | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за политики за земјоделие | 0 |
| | | | | | | | 0 |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено: / E pranuar: 21-10-2019
Орг.Един. / Njësia Org.: 04-1149/14

**До: Генерален секретаријат на Влада на РСМ**
**Архивски број:** 12/6-789/9
**Датум:** 17.10.2019

Почитувани,

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ

На

Правилникот за систематизација на работните места на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ со архивски број 04-1149/12 од 15.10.2019 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Генералниот секретаријат на Владата на РСМ поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места како и содржината на функционалната анализа на институциите од јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места на Генералниот секретаријат на Владата на РСМ со архивски број 04-1149/12 од 15.10.2019 година.

Со почит,
Државен советник
Dr. Jahi Jahija

Изготвил:Ивана Бибан Петроска


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk